# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**28.12.2020 год.** **Бр.XVII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 61-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 25.12.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 61-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 25.12.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1346/1 од 28.12.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 33 и 35 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/14; 7/19 и 7/20), а во врска со уверението од Општинската изборна комисија бр.11-29/12 од 18.12.2020 година, Советот на Општина Крушево на седница одржана на 25.12.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
***за верификација на мандат на член на Советот на Општина Крушево***

**Член 1**

**СЕ ВЕРИФИКУВА,** мандатот на членот на Советот на Општина Крушево, АЛЕКСАНДРА АНГЕЛЕСКА од Крушево од листата на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 2**

Членот на Советот се избира за време до завршувањето на мандатот на Советот на Општина Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1302/3 од 25.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 102 од законот за здравствената заштита (“Сл.весник на Р.М.” бр.43/2012; 145/2012; 87/2012; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/17; 20/19; 101/19; 153/19; 180/19 и 275/19), член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за разрешување на член на Управниот одбор во Здравствен Дом Крушево***

1. Од член на Управен одбор во Здравствен Дом Крушево СЕ РАЗРЕШУВА:
- Николина Наумоска, заради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево;

3. Примерок од решението да се достави до именуваниот, Здравствен Дом Крушево и Архива на Општина Крушево;

**Бр.08-1302/5 од 25.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз член 22став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 6 и 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 116 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17; 21/18; 198/18, „Сл.весник на Р.С.М." бр.104/19; 146/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

1. СЕ УСВОЈУВА, Правилникот за утврдување на износот на надомстокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево бр.02-123/6 од 30.11.2020 година;

2. Заклучокот влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од решението да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1302/6 од 25.12.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

## С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 61-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………… 1
2. Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Крушево …………. 1
3.Развојни програми 2021-2023 година ……. 1
4. Решение за разрешување на член на Управен одбор во Здравствен Дом Крушево …………………………………………………..1
5. Заклучок за усвојување на правилник за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата ……………2

Редакциски одбор на Општина Крушево.